ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2019 ГОДИНА НА
# ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

01 2020 07 02/1

**Скопје, јуни 2021 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 22 |
| Финансиски извештаи за 2018 и 2019 година | |
| Биланс на приходи и расходи | 23 |
| Биланс на состојба | 24 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 25 - 28 |
| - Сметководствени политики | 28 - 32 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 32 - 39 |
| Прилог | |
| Забелешки на Нацрт извештај | |
| Одговор на забелешки | |

Кратенки користени во извештајот:

ЕЛС - Единици на локалната самоуправа
ЗЕЛС - Заедница на единиците на локалната самоуправа
ЗЈВФК - Закон за јавна внатрешна финансиска контрола
ФУК - Финансиско управување и контрола
ВР - Внатрешна ревизија
КПД - Казнено поправен дом
МФ - Министерство за финансии
МТВ - Министерство за транспорт и врски

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 13-656/6

Дата: 30.06.2021

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (630) на Општина Гази Баба за 2019 година.

Ревизијата изрази неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2019 година и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Извршена е ревизија за 2010 година и издаден е извештај за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Гази Баба сметка на основен буџет (630) во кој е изразено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година, како и за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Во февруари 2012 година извршена е проверка на преземените мерки по дадените препораки во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2010 година на сметката на основен буџет (630). Со проверката е констатирано дека дадената една препорака не е спроведена, со оваа ревизија е констатирано дека истата е имплементирана.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Општина Гази Баба, сметка на основен буџет (630) за 2019 година, констатирано е следното:

- кадровска неекипираност на организационата единица за внатрешна ревизија;
- неспроведена постапка за издавање на деловниот простор под закуп;
- непренесени средства во Буџетот на РСМ од наплатените договорни казни и ненавремено преземање на мерки за наплата на договорните казни по основ на ненавремено обезбедено одобрение за градење;
- при продажба на градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија средствата се уплаќаат на погрешна уплатна сметка при што не

се обезбедува законска распределба на истите во соодност 20 % за Буџетот на РСМ и 80% за буџетите на општините;

- кај постапките за утврдување на правниот статус на бесправните објекти утврдено е непостапување согласно законските одредби и помалку остварени приходи;
- не е изготвен и доставен Годишен извештај до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти;
- не е утврдена старосната структура на побарувањата што има влијание на реално и објективно искажување на побарувањата во билансните позиции;
- не се води сметководствена евиденција на побарувањата по основ на: склучени договори или решенија со надлежните министерства, агенции, фондови, побарувања по основ на надоместок за бесправно изградени објекти и побарувања по основ на договорни казни.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните лица и органи во функција на подобрување на состојбите.

Во делот на Прашања на неизвесност и континуитет ревизијата извести за финансиската поддршка добиена од Буџетот на РСМ на Општина Гази Баба во функција на зајакнување на фискалниот капацитет.

Во делот останати прашања ревизијата ги истакна системските слабости во законската регулатива и потребата од нивно надминување со цел комплетност и точност на остварените приходи кај општините, а кои се однесуваат на:

- не е пропишано во кои рокови правните лица овластени за регистрација на возилата треба да ја уплатат комуналната такса за користење на патишта со моторни возила на сметка на општината;
- не е пропишана обврска на трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија кое врши наплата на таксата за користење и одржување јавно осветлување од имателите на броила да ги известува општините за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатени побарувања по овој основ;
- општината нема податоци за висината на средствата што треба да се уплатат во буџетот на општината по основ приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата утврдено со Законот за земјоделско земјиште;
- покрај фактот што општините располагаат со податоци за склучените договорите за концесија за експлоатација на минералните суровини, општината има увид на уплатените средства на сметката на буџетот на општината без да има можност да се увери во целосноста и точноста на приходите кои се уплатени на нејзината сметка;

- законска обврска за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности на општината со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ и
- недоволна прецизност на член 76 став 10 од Законот за градежно земјиште и во однос на распределбата на наплатените средства по основ на договорна казна дека средствата кај општините во Градот Скопје се распределуваат 50% за општината и 50 % за Град Скопје.

На Нацрт извештајот се доставени забелешки кои претставуваат известување за преземени мерки и активности, а една препорака делумно се прифаќа.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 23 и 24 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Гази Баба на сметката на основен буџет (630), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2020 година, согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Општина Гази Баба за 2010 година и изразено е мислење без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Општина Гази Баба застапувано од:

- Борис Георгиевски, градоначалник на Општина Гази Баба од 01.11.2017 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени

утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 14.01.2021 до 23.04.2021 година кај Општина Гази Баба од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор;
- Бранко Смилевски, раководител на ревизија и овластен државен ревизор;
- Наде Бојаџиевска, самостоен ревизор и овластен државен ревизор;
- Марија Трајковска, самостоен ревизор;
- Рамадан Алија, самостоен ревизор;
- Фарук Невзади - самостоен ревизор;
- Александра Димовска Чрчева - виш ревизор и овластен државен ревизор;
- Адем Тахири-ревизор и
- Исни Абдулаи – помлад ревизор.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во февруари 2012 година извршена е проверка на преземените мерки по дадените препораки во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2010 година на сметката на основен буџет (630) на Општина Гази Баба. Со проверката е констатирано дека дадената една препорака не е спроведена, со оваа ревизија е утврдено дека состојбата е надмината.

## 4. Наоди и препораки

На ден 28.06.2021 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-656/5 од 28.06.2021 година. Забелешките се однесуваат на точките 4.2.4., 4.2.5., 4.2.6. и 4.3.1..

Забелешките се разгледани и не се прифатени од причина што не се добиени дополнителни докази кои би имале влијание на промена на утврдените состојби во извештајот, односно најголем дел од нив претставуваат известување за мерките кои се преземени и ќе се преземат во иднина за надминување на состојбите. а една препорака делумно е прифатена.

Текстот на забелешките и одговорот на ревизијата се дадени во Прилог кон овој Конечен извештај.

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со Градоначалникот и одговорните лица на Општината - предмет на ревизија одржан на ден 06.05.2021 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. Согласно Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Гази Баба[1], внатрешната ревизија е организирана во организациски облик- Сектор за внатрешна ревизија. Истата е независна и директно одговорна пред Градоначалникот на општината како што е предвидено во Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.
Согласно Правилникот за систематизација во секторот се систематизирани 11 работни места . Во текот на 2019 година пополнети се само 3 работни места и тоа: 1 раководител на сектор, 1 раководител на одделение и 1 советник. Секторот за внатрешна ревизија е надлежен да врши ревизија на 14 субјекти кои се основани од Општина Гази Баба и 8 сектори и едно одделение во рамките на администрацијата на Општина Гази Баба.
Согласно Стратешкиот план на секторот за внатрешна ревизија за периодот 2019-2021 година[2] предвидено е да се спроведат по 8 ревизии годишно.
Поради остварување на правото на старосна пензија од 01.10.2019 година, Секторот за внатрешна ревизија е без раководител на истиот. И покрај тоа, во текот на 2019 година е реализиран во целост годишниот план за внатрешна ревизија, односно се извршени предвидените 8 ревизии.
Во текот на 2020 година и раководителот на одделение остварил право на старосна пензија, со што Секторот за внатрешна ревизија останал само со еден вработен-советник.

Иако како организационен облик согласно ЗЈВФК е предвиден Сектор за внатрешна ревизија во Општина Гази Баба, истиот е со само еден вработен што има можност од ризик за неостварување на целта, улогата и принципите на внатрешната ревизија, на раководителот на субјектот од јавниот сектор да му обезбеди поддршка и независно разумно објективно уверување и совет со цел подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола, односно остварување на целите на субјектот.

**Препорака:**
Градоначалникот да преземе мерки и активности во насока на екипирање на единицата за внатрешна ревизија .

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Врз основа на правосилно решение на Општина Гази Баба за утврдување на статус на бесправно изграден објект Дом на култура - Колонија Идризово од 06.03.2013 година, извршен е упис на сопственоста во Агенцијата за катастар на недвижности со ИЛ 1145 КО Идризово деловен простор од 952 $м^2$ на Општина Гази

[1] бр. 08-1773/1 од 22.04.2016 година
[2] бр.22-5649/2 од 14.12.2018 година

Баба. Во изминатиот период со овој деловен простор стопанисувал КПД Идризово.
Со ревизијата утврдивме дека по пренесување на правото на сопственост на деловниот простор на општината, истиот го користат правни лица со кои општината нема склучено договори за закуп, односно истата нема спроведено постапка за издавање под закуп недвижни ствари со електронско јавно наддавање, а согласно член 39 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственост.
Општина Гази Баба од 2014 година нема склучено договори за издавање во закуп на деловните простории, објектите ги користат правни и физички лица без да плаќаат закупнина на Општината, а до истите Месната заедница доставува само месечни фактури за потрошена вода и електрична енергија.

Неспроведената постапка за издавање под закуп на имотот на општината и користењето на истиот без регулирани права и обврски со корисниците придонесуваат за остварување на помали приходи на општината и несоодветно управување со имотот на општината.

**Препорака**:
Градоначалникот на Општина Гази Баба да преземе активности за спроведување на постапка за издавање под закуп на деловни простории и недвижни ствари со електронско јавно наддавање.

4.2.2. Во Законот за градежно земјиште во член 76 став 3 е предвидено, кога градежното земјиште се отуѓува или дава под долготраен закуп по пат на јавно наддавање купувачот, односно закупецот е должен, да прибави одобрение за градење на предвидениот објект од надлежниот орган во рок од девет месеци од извршената солемнизација на договорот. Во спротивно му се пресметува договорна казна во висина од 1,5% од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на предметното земјиште за секој изминат месец во првата година од истекот на рокот, 3% за секој изминат месец во втората година од истекот на рокот и 4,5% за секој изминат месец во третата и секоја наредна година од истекот на рокот.
Неисполнување на обврските за плаќање на договорна казна, односно доколку закупецот задоцни во исполнување на обврската три месеци последователно, претставува основ отуѓувачот, односно закуподавачот, по три последователни месечни повици за извршување, како доверител со изјава за неисполнување на обврските од договорот да побара потврда за извршност на договорот, односно да побара наплата на договорената казна што претставува и основ за еднострано раскинување на договорот, при што 80% од вкупната сума од отуѓувањето, односно давањето под долготраен закуп, не му се враќаат на купувачот, односно закупецот.
Имајќи ги во предвид горенаведените одредби ревизијата ги утврди следните состојби:

- Во текот на 2019 година наплатени се вкупно 868 илјади денари за договорна

казна по однос на непочитување на обврската за обезбедување на градежна дозвола во рок од 9 месеци од солемнизација на договорите за отуѓување на градежно земјиште по пат на јавно наддавање. Овие договори се склучени во периодот од 2015 до 2019 година при што општината наплатила средства во вкупен износ од 6.233 илјади денари во Буџетот на Општина Гази Баба, кои согласно Законот за градежно земјиште требале да се распределат и тоа 20% за Буџетот на Република Северна Македонија, а 80% за општините, односно општините во градот Скопје при што средствата од 20% за Буџетот на РСМ не се распределени.

- Причината поради која не е направена распределба на средствата е известувањето[3] со кое Министерството за финансии ја информирало Општина Гази Баба дека уплатата на овие средства треба да се врши на приходна шифра 725920. Со известување[4] и Министерството за транспорт и врски ја известило Општина Гази Баба дека уплатата на пенали за неисполнување на обврските од договорите треба да се врши на приходна шифра 725920. Комисијата за спроведување на постапки за јавно наддавање при Општина Гази Баба испратила допис [5] до Министерство за транспорт и врски во кој укажува дека од приходната шифра 725920 не се распределуваат средствата согласно Законот за градежно земјиште. Од овие причини комисијата го известила Министерството за транспорт и врски дека до завршување на целокупната процедура за отворање на соодветна уплатна сметка, Општина Гази Баба ќе наплатува договорна казна на сметката на буџетски корисник-единка корисник 777014107663019 приходна шифра 722129.
- По период од 4 години, Министерството за транспорт и врски со допис[6] се обратило до Министерство за финансии - Сектор за трезор со цел да се одреди уплатна сметка за договорна казна. Министерството за финансии го известило [7] Министерството за транспорт и врски дека е ставена во функција уплатна сметка 830***07795 - договорни казни за непочитување на обврските од договорот од страна на купувачот согласно Законот за градежно земјиште со приходна шифра 725982, и распределбата на паричните средства ќе се врши во соодност 20% за Република Македонија и 80% за општините, односно општините во Градот Скопје. По повод овој допис, Министерството за транспорт и врски го известува ЗЕЛС за ново отворената сметка и го задолжува да ги информира сите општини.
- Откако Општина Гази Баба била информирана за отворањето на уплатната сметка за наплата на договорни казни за непочитување на обврските од договорот од страна на купувачот согласно Законот за градежно земјиште,

[3] бр. 08-21894/2 од 25.06.2013 година
[4] бр.30-3123 од 16.02.2015 година
[5] бр. 13-2515 од 25.06.2015 година
[6] бр. 29-8717/2 од 28.10.2019 година
[7] бр. 09-1546/9 од 31.10.2019 година

односно од 01.01.2020 година, започнала правилно да ги наплатува средствата. Наведената состојба придонела наплатените средства во периодот од 2015- 2019 година кои се приход на Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 1.247 илјади денари (20% од вкупно наплатените средства во износ од 6.233 илјади денари) да не се уплатат во Буџетот на РСМ.

- Со увид во предметите со необезбедено одобрение за градење на предвидени објекти од надлежниот орган во рок од девет месеци од извршената солемнизација на договорот, ревизијата утврди дека не се врши следење на истите, односно не се врши навремено известување на купувачите за наплата на договорна казна. Известувањата се доставувани со закаснување во период од 10 до 16 месеци по неисполнување на обврската од страна на купувачот. Како резултат на тоа во Буџетот за 2019 година предвидени се 100 илјади денари, а реализирани се 868 илјади денари. Иако е воспоставен електронски систем[8] за следење на договорите сепак истиот не овозможува финансиско следење на задолжувањата и плаќањата на договорната казна. Во истиот само текстуално се внесуваат активностите кои ги презема општината.

**Препорака:**

- Општина Гази Баба да изврши уплата на неуплатените средства во Буџетот на РСМ.
- Одговорните лица во општината да преземат мерки навремена достава на известувања на месечно ниво на купувачите за наплата на договорна казна, со цел навремена наплата на истите.

4.2.3. Со увид во документацијата поврзана со постапките за продажба и издавање под закуп на градежно земјиште во Општина Гази Баба, утврдивме дека средствата добиени од продажбата на неизграденото градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија се уплатуваат на несоодветна приходна сметка - Приходи на ЕЛС остварени при отуѓување и закуп на градежно земјиште сопственост на РСМ и се распределуваат во соодност 50% за Општина Гази Баба и 50% за Градот Скопје, што не е во согласност со член 18, став (2) и (3) од Законот за градежно земјиште[9], каде е регулирано дека средствата од отуѓувањето, закупнината и од надоместокот за правото на стварна службеност на градежното земјиште сопственост на РСМ се уплатуваат на посебна сметка во рамките на трезорската сметка, при што се распределуваат во соодност 20% за Буџетот на РСМ и 80% за општините и општините во Градот Скопје, во зависност од местоположбата на градежното земјиште кое е предмет на отуѓување, давање под закуп и засновање на стварна службеност. Средствата кои се распределуваат меѓу општините од подрачјето на Градот Скопје и Градот Скопје, се распределуваат во соодност 50% за

---

[8] (https://rdgz.mk/Account/Login?ReturnUrl=%2f)

[9] Законот за Градежно земјиште „Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19

општината од подрачјето на Градот Скопје и 50% за Градот Скопје. Ревизијата утврди дека уплатата на средствата по овој основ на ова приходна сметка се врши со преземањето на надлежностите на Општина Гази Баба за вршење на работите за располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија доделени согласно Одлука[10] на Владата на Република Северна Македонија, односно за период 2012 - 2020 година. Во овој период по основ на отуѓување и закуп на градежно земјиште остварени се приходи во износ од 292.730 илјади денари кои се уплатени на несоодветна приходна сметка и се распределени во однос 50% за Општина Гази Баба односно 146.365 илјади денари и 50% односно 146.365 илјади денари на Градот Скопје. Со уплатата на овие средства на несоодветна приходна сметка наместо да се изврши распределба на средствата 20% на Буџетот на РСМ во вкупен износ од 58.546 илјади денари, и 80% односно во износ од 234.184 илјади денари кои треба да бидат распоредени на Општина Гази Баба и Град Скопје по 117.092 илјади денари, во Буџетот на РСМ не се уплатени приходи по овој основ .

Уплатата на средствата на несоодветна уплатна сметка има за ефект повеќе приходи во Буџетот на Општина Гази Баба и Градот Скопје, за приходите од 20% кои согласно законот требало да се уплатат во Буџетот на РСМ .

**Препорака:**

Градоначалникот на Општина Гази Баба да преземе мерки и активности и тоа:

- средствата од продажба и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија да се уплаќаат на соодветно уплатно конто од каде ќе се врши распределба на истите согласно законските прописи.
- да се изврши уплата на погрешно/ несоодветно уплатените средства кои се уплатени во Буџетот на Општина Гази Баба, а требало да бидат уплатени во Буџетот на РСМ.

4.2.4. Со увид во предметите за кои има уплати во 2019 година, во постапката за утврдување на правниот статус на бесправните објекти во Општината, ревизијата утврди дека во одредени постапки се направени промени на геодетските елаборати за легализација при што истите се доставувани со значителни промени во етажните скици и во рекапитуларот со што се сменети и намените на објектите предмет на легализација. Утврдените состојби се однесуваат на следните предмети:

- За предмет од 2016 година[11], урбанистичката согласност е донесена врз основа на геодетски елаборат[12] кој е со значителни промени од првичниот (повлечен) геодетски елаборат од 2012 година. Записникот за увид на лице место е

[10] Одлука на Владата на РСМ бр.41-748/1 од 07.02.2012 год. (Сл.Весник на РМ бр.2/2012)
[11] со дел. бр.УП1 бр.28-2204 од 30.03.2016 год.,
[12] со дел.бр. 0808-247/2 од 09.10.2019

донесен врз основа на елаборатот од 2012 година. Во Записникот стои дека целиот објект е со намена Б-4 (деловни простории)[13]. Во техничкиот извештај на новиот геодетски елаборат од 2019 година, е наведено дека измената на геодетскиот елаборат е иницирана по барање на општината откако е изготвен Записникот за утврдување на фактичката состојба. Промените се евидентирани во К1, К2, К3 и К4 при што намените се изменети од Б4 - деловни простории во Г4- стоваришта, односно етажите се пренаменети во стоваришта што има влијание врз одредувањето на висината на надоместокот за утврдување на статусот на бесправно изградениот објект.

- За предмет од 2019 година [14] доставен е геодетски елаборат со задоцнување-надминат законски рок пропишан во член 17 од Законот за изменување и дополнување на законот за постапување со бесправно изградени објекти[15]. Геодетскиот елаборат е со дел.бр. 08-199/1 од 14.09.2012 година, а записникот од увид на лице место со УП1 бр.28-6829 од 17.10.2012 год. По записникот доставен е нов геодетски елаборат[16] во кој има големи промени во етажните скици и во рекапитуларот. По однос на овој нов доставен елаборат нема записник од страна на комисијата за увид на лице место, а урбанистичка согласност е изготвена врз основа на стариот елаборат. Поништен е стариот заклучок за одредување на надоместокот за утврдување на правен статус на бесправен објект од Град Скопје[17] на износ од 1.173 илјади денари и изготвен е нов Заклучок [18] со корегиран износ за надоместокот во износ од 53 илјади денари и донесено е Решение за поврат на уплатени средства од 17.02.2020 во износ од 448 илјади денари - делот од 40% од надоместокот наменет за Општина Гази Баба.
- За предмет од 2011 година[19] доставен е геодетски елаборат[20], по што е составен записник за увид на лице место со УП1 бр.28-3457 од 29.09.2012 год. Со Заклучок УП1бр.28-317 е одобрено барањето за промена на барател и е доставен анекс на геодетски елаборат[21], но со големи промени во етажните скици и во рекапитуларот. Од страна на комисијата нема изготвено друг записник за увид на лице место, при што урбанистичката согласност е изготвена врз основа на стариот записник кој не е во согласност со анексот на геодетскиот елаборат. Во основниот геодетски елаборат е евидентирана површина од 124 м$^2$ деловен простор кој стои и во записникот додека во

---

[13] Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање – ( „Сл. Весник на РМ“ бр. 142/15, 217.15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16,134/16,33/17, 86/18)
[14] со дел. бр.УП1 бр.28-6829 од 11.08.2011 год
[15] Законот за изменување и дополнување на законот за постапување со бесправно изградени објекти[15] (Сл.Весник на РМ 217/2015)
[16] со дел.бр. 0801-883/3-2018 од 24.12.2018 година
[17] со бр.19/13-1181/1 од 08.02.2019
[18] со бр.19/13-1181/1 од 08.02.2019
[19] со дел бр.УП1 бр.28-3547 од 20.06.2011 год
[20] со дел.бр. 396-2 од 14.06.2011 година
[21] со дел.бр. 396-1/2011 од 05.10.2017година

анексот на геодетскиот елаборат врз основа на кој е донесена урбанистичка согласност е без површини евидентрирани како деловен простор. Само по основ на овој предмет општината остварила помали приходи за износ од 661 илјади денари.

Од наведеното произлегува дека, не е постапено согласно член 9, став (1) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти, односно измените во намените на површините во етажните скици и во рекапитуларот имаат влијание врз определувањето на висината на надоместокот за утврдување на статусот на бесправно изградениот објект како и приходите кои општината ги остварува по овој основ.

Со Решение број 08-2331/2 од 14.06.2021, Градоначалникот формирал Комисија која има задача да изврши увид во предметите наведени во точката од ревизорскиот извештај и да ја утврди фактичката состојба и да даде насоки за надминување на утврдената состојба.

**Препорака:**
Градоначалникот да формира стручна комисија со цел да се направи преиспитување на горенаведените предмети за да се утврди фактичката состојба како и проверка на пресметаните и уплатени надоместоци.

4.2.5. Со увид во документацијата на Општината – Агенција за катастар на недвижности на РСМ во делот промена на намени на објектите кои се предмет на утврдување на правниот статус на бесправните објекти, утврдивме постоење на предмети кај кои се направени измени на намените на објектите со потпис и печат на овластен претставник од Геодетската фирма – изготвувач на елаборатот, без да се запише датумот на промената и без претходно да биде поднесено барање за повлекување на Геодетскиот елаборат за промена на намената. Според податоци на Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ, постои несогласување на намените на објектите кои се легализирани од страна на Општина Гази Баба со намените кои се евидентирани во Имотните листови на истите и тоа:

- Предмет[22] од 2011 година за кој е донесена урбанистичка согласност врз основа на геодетски елаборат[23] од 2012, по што е изготвен заклучок за плаќање на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект од 2013 година. При пресметка на надоместокот утврдивме неусогласеност поради примена на несоодветни коефициенти (0,05% е за Г4) со намената на објектот евидентирана во етажните скици и во рекапитуларот во геодетскиот елаборат, (направена пресметка за надоместок за Г4 а намената е за Б4) односно, намената на објектите е променета од Г4 (стоваришта) во Б4 (деловни простории). Според горенаведеното коефициентот за пресметување согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната

[22] со дел. бр.УП1 бр.28-7876 од 17.08.2011 година
[23] со дел.бр. 288-2 од 26.06.2012 година

инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост не може да биде 0,05%. Во геодетскиот елаборат е интервенирано со печат и потпис од овластено лице од геодетската фирма за изменетата намена на легализираните објекти но без да се евидентира датумот на измената.

- Предмет[24] од 2011 година за кој урбанистичката согласност и решението се донесени врз основа геодетски елаборат[25] од 2013 година. Предмет на легализација се зграда 22 (Г4-стоваришта), со внатрешна површина од 1.594 м$^2$ и зграда 23 (Г3-сервиси), со внатрешна површина од 1.975 м$^2$, на имотен лист бр.67436, КО Маџари. Во Агенцијата за катастар на недвижности објект 22 е евидентиран со намена Б4 што не е во согласност со геодетскиот елаборат, урбанистичката согласност и решението во кои стои намена Г4.
- Предмет[26] од 2016 година за кој урбанистичката согласност и решението се донесени врз основа геодетски елаборат[27]. Предмет на легализација се зграда 29 (Г4-6 –други стоваришта), со внатрешна површина од 349 м$^2$, на имотен лист бр.65938, КО Маџари. Во Агенцијата за катастар на недвижности објект 29 (сега 31) истиот е евидентиран со намена Б1-17 (други мали комерцијални и деловни единици) што не е во согласност со геодетскиот елаборат, урбанистичката согласност и решението во кои стои намена Г4 – 6 (други стоваришта).

Според тоа, не е постапено согласно член 9, став (1) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Измените во намените на површините во етажните скици и во рекапитуларот имаат влијание врз одредувањето на висината на надоместокот за утврдување на статусот на бесправно изградениот објект како и приходите кои општината ги остварува по овој основ.

Со Решение број 08-2331/2 од 14.06.2021, Градоначалникот формирал Комисија која има задача да изврши увид во предметите наведени во точката од ревизорскиот извештај и да ја утврди фактичката состојба и да даде насоки за надминување на утврдената состојба.

**Препорака:**

- Градоначалникот во соработка со Агенцијата за катастар на недвижности на РСМ да преземе активности, при промена на податоците во геодетските елаборати, навремено и правилно истите да бидат упишани и во катастарската евиденција на Агенцијата со што ќе се намали ризикот од појава на неусогласени намени.

---

24 со дел. бр.УП1 бр.28-7880 од 17.08.2011 год

25 со дел. бр. 18-437-13/12 од 08.01.2013

26 со дел. бр.УП1 бр.28-1471 од 24.03.2016 година

27 со дел. бр.УП1 бр.28-1471 од 24.03.2016 година

- Градоначалникот да формира работна група со цел утврдување на одговорност за направените промени и утврдување на висината на надоместокот согласно реалната состојба и приложената документација.

4.2.6. Со ревизијата утврдивме случаи на донесено Решение за одбивање на барање, без при тоа да се излезе на лице место и да се изготви Записник за увид на фактичка состојба и тоа за предметите[28] од барател физичко лице при што е донесено решение за одбивање на барањето со бр.28-6620 од 08.07.2015 година и бр.28-6621 од 08.07.2015 година, а решенијата се донесени пред да заврши рокот за достава на геодетски елаборат со што не е постапено согласно член 10, став (6) со кој се овозможува барањето да се дополни и по истекот на рокот за поднесување на барањето. Наведената состојба упатува на ризик поради непочитување на предвидените рокови, неправилно донесување на решение за одбивање на барателите со што на истите им се оневозможува да ги легализираат нивните бесправно изградените градби.

Со Решение број 08-2331/2 од 14.06.2021, Градоначалникот формирал Комисија која има задача да изврши увид во предметите наведени во точката од ревизорскиот извештај и да ја утврди фактичката состојба и да даде насоки за надминување на утврдената состојба.

**Препорака:**
Надлежните служби на Општина Гази Баба да преземат активности поднесените барања да бидат разгледани согласно постапките и законски предвидените рокови за достава на потребната документација од страна на барателите.

4.2.7. Општина Гази Баба нема изготвено и доставено Годишен извештај за 2019 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот (Министерството за транспорт и врски), што не е во согласност со членот 20 став 10 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Наведената состојба придонесува за нетранспарентност во однос на наменското користење на средствата за донесување на урбанистичка планска документација и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат бесправно изградените објекти.

**Препорака:**
Надлежните служби од општината за секоја година редовно да доставуваат годишни извештаи за користењето на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

## 4.3. Финансиски извештаи

[28] со дел бр.УП1 бр.28-6620 од 10.08.2011 год. и УП1 бр.28-6621 од 10.08.2011 год

4.3.1. Од извршениот увид во евиденцијата на побарувањата од правни лица и граѓани по основ на надоместоци, констатиравме дека општината има побарувања кои потекнуваат од претходни години. Имајќи во предвид дека дел од овие побарувања потекнуваат од минати години, а не се преземени навремени активности и мерки од одговорните лица за нивна наплата, истите согласно член 360 од Законот за облигациони односи, според кој општиот рок на застареност е 5 години се застарени но не се евидентирани на сомнителни и спорни побарувања и тоа:

- За побарувањата по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште од правни лица во износ 119.307 илјади денари, не е изготвена старосна структура туку се поделени на побарувања до 5 и над 5 години. Дел од овие побарувања во износ од 10.543 илјади денари се побарувања од 2019 година, а износот од 108.764 илјади денари се побарувања стари над 5 (пет) години. Според одговорните лица на општината за овие предмети се води судска постапка за наплата на побарувањата, но на ревизијата не и беа презентирани тужби и друга поткрепувачка документација.
- Побарувањата во износ од 3.199 илјади денари во износ од 3.032 се однесуваат за префактурирана вода, електрична енергија и изнесување на смет за подрачните единици на министерствата и на други централни органи, а побарувањата од 167 илјади денари се побарувања од правни лица кои искажале интерес да финансираат дел од трошоците за објава на детални урбанистички планови, од кои 1.661 илјади денари – се до три години, додека средствата во износ од 1.538 илјади денари се - над 3 години. На ревизијата не и беа доставени докази дали се преземени мерки за наплата на истите.

Неевидентирањето на побарувањата за кои не се преземени навремени мерки за наплата на позицијата сомнителни и спорни побарувања, придонесува за нереално искажување на побарувањата за кои наплатата е неизвесна и влијае на финансиските извештаи.

**Препорака:**
Градоначалникот и надлежните лица во Општина Гази Баба да преземат мерки и активности побарувањата кои не се наплатени во законски утврдените рокови да се евидентираат на позицијата сомнителни и спорни побарувања и да бидат преземени мерки за присилна наплата.

4.3.2. Ревизијата утврди дека Општина Гази Баба не води сметководствена евиденција по обврзник за побарувањата и тоа:

- по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти;
- по основ на издадените пресметки за наплата на договорна казна;
- на побарувањата по основ на потрошена вода, електрична енергија и

износување на смет по коминтенти корисници на просторот во Домот на културата Идризово;
- на побарувањата по основ на склучени договори или решенија со надлежните министерства, агенции, фондови, како и издадени налози за пресметување и плаќање такси и надоместоци.

Поради ваквото постапување не се обезбедува сеопфатност, ажурност и увид во точниот износ на побарувањата по наведените основи. Ваквата состојба не е во согласност со член 3 и 4 став (1) од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и одредбите од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со кој е пропишано дека буџетите и буџетските корисници се должни во своето сметководство да обезбедат податоци поединечно по сите видови на приходи и други приливи за расходите и другите одливи како и за состојбата на средсвата, обврските и изворите на средствата.

**Препорака**:
Надлежните служби од општината да воведат сметководствена евиденција по обврзник за побарувањата по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, издадените пресметки за наплата на договорна казна, побарувањата по основ на потрошена вода, електрична енергија и изнесување на смет и издадени налози за пресметување и плаќање такси и надоместоци.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.2. и 4.3. е следното:

- непренесени средства во Буџетот на РСМ од договорни казни;
- неспроведена постапка за издавање на деловниот простор под закуп;
- нераспределени/непренесени приходи во Буџетот на РСМ од продажба на градежно земјиште;
- невоспоставена сметководствена евиденција за побарувањата по основ на надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти и по основ на издадени пресметки за договорните казни;
- неправилности и помалку остварени приходи кај постапките за утврдување на правниот статус на бесправно изградените објекти;
- не е изготвен Годишен извештај за 2019 година за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти;
- не е утврдена старосната структура на побарувањата што има влијание на реално и објективно искажување на побарувањата во билансните позиции.

5. **Ревизорско мислење**

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Општина Гази Баба –сметка на основен буџет (630) на ден 31 декември 2019 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Општина Гази Баба - сметка на основен буџет (630), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа од Буџетот на РСМ

Со цел зајакнување на фискалниот капацитет на единиците на локалната самоуправа, сервисирање на долговите и раздолжување кон стопанството, во ноември 2018 година од страна на Собранието на РСМ донесен е Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски. За спроведување на наведениот закон, од Буџетот на РСМ за 2018 година, на посебни сметки на општините префрлени се средства во вкупен износ од 3.023.383 иљади денари за подмирување на 51% од вкупно пријавените доспеани, а неплатени обврски.
Согласно член 3 и 5 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа на Општина Гази Баба во декември 2018 година на посебна наменска сметка и се трансферирани до Буџетот на РСМ средства во износ од 71.576 иљади денари, односно 51 % од износот на пријавените доспеани, а неплатени обврски.
Од извршениот увид во доставената документација ревизијата утврди дека Советот на Општина Гази Баба има донесено Одлука за одобрување на Извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски.
Од добиените средства потрошени се 66.240 иљади денари за намените за кои се добиени, а остатокот во износ од 5.336 иљади денари Општина Гази Баба ги има вратено во Буџетот на РСМ, согласно член 11, став 2 од Закон за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени

обврски .
Градоначалникот има обврска да го објави на веб страната на Општината, Извештајот за искористување на доделените средства како финансиска поддршка за исплата на доспеани, а неисплатени обврски по доверители согласно со извештајот за вкупно договорениот износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски.

6.2. Обрнуваме внимание дека Општина Гази Баба во 2019 година е тужена странка во 14 предмети од физички и правни лица по основ на надомест на штета, нарушено владение и по основ на долгови на износ од 95.068 илјади денари.
Општина Гази Баба во својство на тужител е во еден предмет на вредност од 405 илјади денари.
Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

## 7. Останати прашања

Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно да се изврши измена и дополнување на следните законски решенија во функција на надминување на наведените слабости.

**Комунална такса што се плаќа при регистрација на возилата**

7.1.Наплатата на комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси и специјални возила-тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја вршат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и да ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка на општината. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината, да ја известуваат општината за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.
Со воспоставениот начин на размена на податоци не е воспоставен систем кој би обезбедил точен преглед на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска обврска да можат да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.
Ефект од оваа состојба е нецелосен увид во наплатата и потврдувањето на приходот за општината по тој основ.

**Комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување**

7.2. Согласно одредбите на член 20 став 1 од Законот за комунални такси за користење и одржување на јавно осветлување се плаќа комунална такса според типот на потрошувачите. Обврзници за комуналната такса се имателите на броила од категоријата домаќинства и категоријата останата потрошувачка. Наплатата на комуналната такса за одржување на јавното осветлување од имателите на броила за мерење на електрична енергија согласно одредбите на член 20 став 3 ја врши трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и истото е должно средствата наплатени по тој основ да ги уплати на соодветната уплатна сметка во рамките на трезорската сметка за општината. Во Законот не се предвидени одредби со кои ќе се утврди во кој рок ќе се изврши уплатата како и задолжителни податоци од кои може да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините.

Во текот на 2008 година помеѓу ЗЕЛС и трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија склучен е Меморандум за соработка, во кој една од целите на склучениот меморандум е и зголемување на увидот, ажурноста и евиденцијата на наплатата на комуналната такса за улично осветлување. Согласно одредбите од склучениот меморандум трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се обврзува до општините да ги доставува следните податоци:

- бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
- извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
- шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата, и
- известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса, од причина што ваква обврска не е пропишана со Законот за комунални такси.

Овие податоци трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија не ги доставува до општините, со што истите немаат увид дали наплатените средства се целосни.

Во услови кога законското решение не нуди можност да се согледа дали наплатените средства од страна на трговско друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија се целосно уплатени на општините, а по склучениот Меморандум не се постапува, постои ризик од нецелосност и неточност на остварениот приход по тој основ во буџетот на општините.

**Приходи од давање на земјоделското земјиште во државна сопственост на користење по пат на закуп и плодоуживање**

7.3. Согласно член 33 од Законот за земјоделско земјиште, од страна на Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство, земјоделското земјиште во државна сопственост може да се даде на користење по пат на закуп и

плодоуживање. Средствата од закупнината на земјоделското земјиште во државна сопственост се уплатуваат на посебна сметка во рамките на трезорска сметка. Приходите од овие средства се распределуваат во соодност 50% за Република Северна Македонија и 50% за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во зависност од местоположбата на земјоделското земјиште кое е предмет на давање под закуп. Согласно законското решение, општината нема сознание за висината на средствата што треба да се уплатат, ниту пак МЗШВ има законска обврска склучените договори за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственот да ги доставува до општините за земјиштето што се наоѓа на нивната територија.

**Надоместок по основ на концесии**

7.4. Согласно член 75 од Законот за минерални суровини, надоместок за користење на простор е годишен надоместок, додека плаќањето на концесиските надоместоци за експлоатираните количина на минерални суровини се врши на секои три месеци за продадените количини на минералните суровини од страна на концесионерот. Приходот по основ на надоместок за минерални суровини се распределува во соодност 22% приход на Буџетот на РСМ и 78% приход на Буџетот на општината на чие подрачје се врши концесиската дејност.

Со член 46 став 5 од Законот за минерални суровини е пропишано примерок од договорите за концесија за експлоатација на минерални суровини, како и анексите на договорите за концесија за експлоатација, органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини, да ги доставува до надлежни институции и општината, на чие подрачје се врши концесиската дејност. Покрај фактот што општината располага со податоци за склучените договори за концесија за експлоатација на минералните суровини, таа има единствено увид на уплатените средства на сметката на буџетот на општината без да има можност да се увери во целосноста на приходите кои се уплатени на нивната сметка по овој основ.

**Регистар на недвижен имот и регистар на подвижен имот**

7.5. Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот општините, општините во Град Скопје и Град Скопје редовно треба да ја усогласува состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставува до Централниот регистер на Република Северна Македонија и до Управата за јавни приходи – Генерална дирекција.

Не се врши усогласување на податоците во Регистарот на недвижен имот на Град Скопје и општините во Република Северна Македонија со податоците од Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, што претставува законска обврска на единиците на локална

самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа. Ваквото усогласување не е овозможено поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во Градот и Општините во РСМ , даночните обврзници се евидентирани по ЕДБ или ЕМБГ, а во Геодетско катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина (КО) и катастарска парцела (КП).

За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатибилни регистри и софтверска поврзаност со државните органи и институции (Централен регистар, УЈП, Агенција на катастар на недвижности на РСМ).

**Надоместок по основ на договорната казна која произлегува од непочитување на обврските од склучените договори за отуѓување на градежно земјиште**

7.6. Ревизијата утврди неусогласеност на одредбите од Законот за градежно земјиште и тоа во член 18 став 2 и 3 во однос на наплатата на средствата по основ на отуѓување на градежно земјиште при што е утврдено следното:

„(2) Средствата од отуѓувањето, закупнината и од надоместокот за правото на стварна службеност на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија се уплатуваат на посебна сметка во рамките на трезорската сметка. Приходите од овие средства се распределуваат во соодност 20% за Република Северна Македонија и 80% за општините и општините во градот Скопје, во зависност од местоположбата на градежното земјиште кое е предмет на отуѓување, давање под закуп и засновање на стварна службеност.

(3) Средствата од ставот (2) на овој член кои се распределуваат меѓу општините од подрачјето на градот Скопје и градот Скопје, се распределуваат во соодност 50% за општината од подрачјето на градот Скопје и 50% за градот Скопје.„

Во однос на договорната казна која произлегува од непочитување на обврските од склучените договори за отуѓување на градежно земјиште во член 76 став 10 е предвидено: „Средствата од наплатата на договорната казна од член 75 став (1) точката 7 од овој закон се распределуваат во соодност 20% за Република Северна Македонија и 80% за општините, односно општините во градот Скопје, во зависност од местоположбата на градежното земјиште.“, без да се прецизира дека средствата кои се распределуваат меѓу општините од подрачјето на градот Скопје и градот Скопје, се распределуваат во соодност 50% за општината од подрачјето на градот Скопје и 50% за градот Скопје.

Неусогласените и непрецизни законски решенија доведуваат до проблеми при нивната примена. Ревизијата смета дека надлежните органи треба да преземат мерки, измени и дополнувања во законската регулатива за надминување на истакнатите слабости.

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2019 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 381.034 | 228.962 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 4.975 | 11.947 |
| Капитални приходи | 3.3. | 29.371 | 28.409 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 127.490 | 63.534 |
| **Вкупно приходи** | | **542.870** | **332.852** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 53.423 | 52.999 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 840 | 653 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 111.619 | 87.610 |
| Тековни трансфери до вонбуџетски фондови | | | |
| Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа | | | |
| Каматни плаќања | 3.5.4. | 31 | 13 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.5. | 27.652 | 21.336 |
| Социјални бенефиции | 3.5.6. | 1.180 | 1.270 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **194.745** | **163.881** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | **184.119** | **134.895** |
| **Отплата на главница** | 3.7. | **13.756** | **13.756** |
| **Вкупно расходи** | | **392.620** | **312.532** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **150.250** | **20.320** |

## ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (630)

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 150.620 | 20.686 |
| Побарувања | 4.1.2. | 281.768 | 276.311 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 700 | 700 |
| **Вкупно тековни средства** | | **433.088** | **297.697** |
| **Вкупна актива** | | **433.088** | **297.697** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | | | |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 4.2.1. | 700 | 700 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | | |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 432.017 | 296.626 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **432.717** | **297.326** |
| **Обврски по долгорочни кредити и заеми** | | | |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | 4.3. | **371** | **371** |
| **Вкупна пасива** | | **433.088** | **297.697** |

# 1. ВОВЕД

Дејност

Општина Гази Баба е единица на локална самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа. Подрачјето на општината е утврдено согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија и своите надлежности ги извршува согласно Законот за локална самоуправа. Согласно Законот за територијална организација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 55/04), населените места на подрачјето на општината се опфатени со 10 урбани заедници и 15 рурални заедници: УЗ Железара, УЗ Автокоманда, УЗ Ќерамидница, УЗ Триангла, УЗ Јане Сандански, УЗ Хиподром, УЗ Крсте Мисирков, УЗ Маџари 1, УЗ Маџари 2, УЗ Кирил Петрушевски, МЗ Питу Гули, МЗ Инџиково, МЗ Брњарци, МЗ Црешево, МЗ Смиљковци, МЗ Булачани, МЗ Раштак, МЗ Виниче, МЗ Стајковци, МЗ Страчинце, МЗ Алија Авдовиќ, МЗ Јурумлери, МЗ Трубарево, МЗ Гоце Делчев и МЗ Колонија.

Општина Гази Баба е надлежна за вршење на следните работи:

1. Планирање и уредување на просторот;
2. Заштита на животната средина и природата;
3. Локален економски развој;
4. Комунални дејности;
5. Култура;
6. Спорт и рекреација;
7. Социјална заштита и заштита на деца;
8. Образование - основање, финансирање и учество во управувањето со основните училишта на нејзиното подрачје;
9. Здравствена заштита;
10. Заштита и спасување;
11. Надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност; и
12. Други работи определени со закон.

Општина Гази Баба како единица на локалната самоуправа има својство на правно лице со седиште на ул. „Архимедова“ бр.2 Скопје.
Општина Гази Баба зафаќа површина од 92 km2 со 72.617 жители (податок од статистика според пописот од 2002 год.).

Согласно член 22 од Законот за локална самоуправа, Општината на своето подрачје ги врши надлежностите, односно работите од јавен интерес од локално значење.
Општината има својство на правно лице, а своите надлежности ги извршува преку органи избрани непосредно од граѓаните.

Органи на општина Гази Баба се: Советот кој е претставнички орган на граѓаните, го сочинуваат 27 (дваесет и седум) советници избрани на локални избори во 2017 година со мандат од четири години и Градоначалникот кои се избираат за период од четири години.

**Организациона поставеност**

Согласно Одлука за организација, делокруг и начин на извршување на задачите на општинската администрација бр.09-1680/7 од 22.04.2016 година, администрацијата на Општина Гази Баба е организирана во Сектори и одделенија и тоа:

1. **Сектор за поддршка на градоначалникот и јавни дејности**

1.1. Одделение за протокол, односи со јавноста и меѓународна соработка
1.2. Одделение за јавни дејности

2. **Сектор за правни и општи работи**

2.1. Одделение за нормативно –правни работи, стручно административни и општи работи
2.2. Одделение за поддршка на Советот и работните тела на Советот
2.3. Одделение за месна самоуправа, заштита и спасување и одбрана

3. **Сектор за финансиски прашања**

3.1. Одделение за буџетска координација и буџетска контрола
3.2. Одделение за сметководство и плаќање
3.3. Одделение за администрирање на локални приходи
3.4. Одделение за координација на јавните набавки

4. **Сектор за урбанизам и градежно земјиште**

4.1. Одделение за урбанистичко планирање
4.2. Одделение за спроведување на урбанистички планови
4.3. Одделение за документирање на градежно земјиште

5. **Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај**

5.1. Одделение за комунални работи
5.2. Одделение за сообраќај

6. **Сектор за заштита на животна средина и природата**

6.1. Одделение за квалитет на амбиенталниот воздух, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење
6.2. Одделение за заштита и спречување од загадување на водата, земјиштето и заштита на природата

7. **Сектор за локален економски и информациско комуникациски развој**

7.1. Одделение за локален економски развој
7.2. Одделение за информациско комуникациски развој

8. **Сектор за инспекциски работи- инспекторат**

8.1. Одделение за комунална инспекција, инспекција за животна средина и градежна инспекција
8.2. Одделение за инспекциски надзор над вршењето на работите од други надлежности на општината

**9. Сектор за внатрешна ревизија**
9.1. Одделение за внатрешна ревизија на работењето на општинската администрација
9.2. Одделение за внатрешна ревизија на јавните установи и јавните претпријатија основани од општината

**10.1. Одделение за човечки ресурси**

**Интерни акти**

Основен акт на Општина Гази Баба е Статутот на Општината 07-142/1 од 16.01.2015 година со кој се уредуваат прашањата за: организацијата и работата на органите на општината; организацијата и работењето на комисиите на Советот на општината; вршењето на работите согласно начелото на супсидијарност; начинот на информирање на граѓаните и слободниот пристап до информации од јавен карактер; случаите на исклучување на јавноста од седниците на Советот на општината; начинот и постапката за доставување претставки и предлози за работата на органите на Општината и постапување по нив; начинот на организирање јавни трибини, спроведување анкети и прибирање предлози од граѓаните; начинот на објавувањето на прописите на Советот; начинот на извршување на обврските од областа на одбраната во воена состојба, во вонредна состојба, во кризна состојба и во заштита и спасување; месната самоуправа; начинот и постапката за утврдување на грбот и знамето на општината; како и други прашања од значење за општината.

Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Гази Баба бр. 08-1773/1 од 22.04.2016 година е донесен согласно одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор. Од страна на Министерство за информатичко општество и администрација дадена е согласност на Правилникот бр. 12/6-2089/2 од 12.05.2016 година. Усогласеноста на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Гази Баба и извршените измени, со одредбите од Законот за административни службеници и Законот за вработените во јавниот сектор е потврдена од страна на Министерството за информатичко општество и администрација.
Со Правилникот се утврдени потребниот број на извршители, стручната подготовка, работното искуство, како и опис и попис на работи и работни задачи за секое работно место.

Изворите на средства за работење на Општина Гази Баба се обезбедуваат согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.
Општина Гази Баба финансиското работење на сметката на Основниот буџет - 630 го врши преку сметка отворена во рамките на Трезорската сметка: 777014107663019.
Овластено лице за располагање со паричните средства на сметката на Општина Гази Баба е:
- Борис Георгиевски, градоначалник на Општина Гази Баба од 01.11.2017 година.

Изворите на средства за работење на Општина Гази Баба се обезбедуваат согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, и тоа од:

- персонален данок на доход;
- локални даноци: данок на имот, данок на промет на недвижности, данок на наследство и подарок;
- локалните такси: комунални такси, административни такси и други локални такси;
- локални надоместоци: (приходи од продажба на неизградено градежно земјиште, надомест за уредување на градежно земјиште, и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти);
- приходи од надоместок за концесии и тоа: надоместок за концесии за детални геолошки истражувања, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на простор и експлоатација на суровина);
- трансфери и дотации од други нивоа на власт: од буџетите на фондовите, и приходи од ДДВ и капитални трансфери од други нивоа на власт.

Преку оваа сметка се остваруваат приходите на сметката на основен буџет (630) и се дотираат средства на сметката на основен буџет (637) на Општина Гази Баба.

## 2. ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

**Основни начела**

2.1. Правото на корисниците за трошење на средства од Буџетот престанува на 31 декември. Сите неплатени обврски од фискалната година ќе бидат повторно одобрени и предвидени во позиција во Буџетот за следната фискална година.

2.2. Сите приходи на корисниците и нивните единки корисници, на единиците на локалната самоуправа и на фондовите се искажуваат во нивните буџети.

2.3. Обврските и трошоците се извршуваат во согласност со прописите за нивно извршување, а во рамките на проценетите трошоци во нивните буџети.

## 2.4. Изготвување, доставување и донесување на Буџетот

2.4.1. Изготвувањето на буџетот на Општината Гази Баба се врши врз основа на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, фискалната стратегија, предлогот на стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика и приоритетите на општината.

2.4.2. Општината постапува согласно буџетскиот циркулар кој ги содржи основните макроекономски индикатори, главните насоки за изготвување на буџетот на Општина Гази Баба, дотациите за општината што ќе се трансферираат од Буџетот на Република Македонија, буџетите на фондовите, приходите од други извори, вклучувајќи ја формата и содржината на буџетот на Општината.

2.4.3. Советот на Општина Гази Баба донесува буџетски календар во кој се утврдуваат роковите за планирање на буџетот на општината.

2.4.4. Врз основа на утврдените рокови со буџетскиот календар, градоначалникот на општината до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови.

2.4.5. Буџетот на Општината за наредната година треба да биде донесен до 31 декември во тековната година од советот на Општина Гази Баба.

2.4.6. Буџетот на Општината, согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа треба да содржи:

Општ дел:

- Консолидиран биланс;
- Функционална класификација на расходите;
- Биланс на тековно - оперативни приходи и расходи, и
- Биланс на капитални расходи.

Посебен дел:

- Прикажување на расходите според Правилникот за класификација на расходите, групирани според корисници и програми;
- Анекси (финансиски планови - биланс на приходи и расходи на јавните служби основани од општината, кои целосно или делумно се финансираат од буџетот на општината, и
- Образложение на Буџетот.

Развоен дел:

Планот на програмите за развој ги содржи среднорочните проекции на одобрените средства по :

- Одделни буџетски програми и подпрограми,
- Години во кои истите ќе се реализираат, и
- Извори на финансирање, односно буџети.

Износите на расходите утврдени со годишниот буџетски документ се сметаат за максимални износи и над овие износи не може да се преземаат никакви обврски.

2.4.7. За секој расход што бара нов извор на приходи заедно со предложениот извор се обработува посебен буџетски документ (ребаланс). По однос на оваа точка во 2019 година е извршен 1 (еден) ребаланс на Буџетот и тоа на 30.09.2019 година.

## 2.5. Извршување на Буџетот

2.5.1. Извршувањето на буџетот на општината се врши врз основа на донесените годишни, квартални и месечни финансиски планови по сметки, програми, подпрограми и ставки на корисниците.

2.5.2. Доколку буџетот на општината не биде донесен до 31 декември во тековната година, советот донесува Одлука за времено финансирање и финансиски план за нејзино спроведување за периодот од 1 јануари до 31 март за тековната година.

2.5.3. Градоначалникот одобрува исплата на средства по сметки, по подпрограми и ставки од буџетот, но најмногу до една третина од вкупно извршените расходи во првиот квартал од претходната фискална година најдоцна до 31 март, а имајќи ги предвид и готовинските текови.

2.5.4. Буџетските корисници во текот на фискалната година можат да вршат пренамена во рамките на одобрените буџети, по одобрување од советот на Општина Гази Баба.

2.5.5. Градоначалникот на Општина Гази Баба ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

2.5.6. Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на советот на општината изменување и дополнување на буџетот. Советот на општината на предлог на градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

2.5.7. Правото на корисниците на буџетот за трошење на средства од буџетот престанува на 31 декември во тековната фискална година.

2.5.8. Одобрениот буџет за корисниците на буџетот важи до крајот на фискалната година. Неискористениот буџет на крајот од годината не се пренесува во наредната фискална година.

2.5.9. Приходите наплатени по 31 декември на сметката на буџетот се евидентираат како приходи на буџетот за следната фискална година.

2.5.10. Приходите што ги остваруваат единиците на локалната самоуправа од вршење на дејности кои не се финансираат од буџетот, се уплатуваат на посебни сметки за донации, заеми, дотации и самофинансирачки активности, чие одобрување на средства е утврдено со поодделните буџети во рамките на буџетот на општината.

2.5.11. Намалувањето или зголемувањето на планот на приходите и други приливи и планот на одобрените средства во буџетот на донации, заеми, дотации и самофинансирачки активности го одобрува советот на општината по претходно поднесено барање од буџетскиот корисник до градоначалникот на општината кој го проследува до советот на општината.

**2.6. Утврдување на приходи и расходи**

2.6.1. Признавањето на приходите и другите приливи, во билансот на приходи и расходи се спроведува според сметководственото начело на парично искажување, во периодот во кој настанале и се наплатени до 31 декември во тековната фискална година, според критериумот на мерливост и расположливост.

2.6.2. Расходите и другите одливи во билансот на приходи и расходи се признаваат според сметководственото начело на парично искажување, во пресметковниот период во износ во кој е извршено плаќањето.

**2.7. Ограничувања**

2.7.1. Корисниците на буџетите и единките корисници се должни одобрените средства од Буџетот да ги користат наменски и не смеат да преземаат обврски над лимитот од одобрените средства.

2.7.2. Износите на приходите наведени во годишниот буџетски документ не се фиксно определени и лимитирани.

2.7.3. Износите на расходите утврдени со годишниот буџетски документ се сметаат како максимални износи и над овие износи не може да се преземаат никакви обврски.

2.7.4. Одобрените средства со буџетот на ниво на ставка во рамките на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределби во тековната фискална година.

2.7.5. Одобрените средства за плати, и надоместоци во рамките на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

2.7.6. Буџетските корисници се должни да водат посебно сметководство за средствата од буџетот и за другите приходи, поединечно по буџетски корисници, по системот на двојно сметководство, а според распоредот на сметките од сметковниот план на буџетските корисници.

### 2.8. Финансиски резултат

2.8.1. Буџетски суфицит (вишок на приходи над расходи) претставува разлика меѓу приходите и расходите на буџетот на Општина Гази Баба, кога приходите се поголеми од расходите, при што, утврдениот вишок на приходи се пренесува во буџетот за наредната година и се евидентира во корист на сметката на приходите.

### 2.9. Кредити и позајмици

2.9.1. Општината може да се задолжува во земјата и странство.

2.9.2. Општината може да се задолжува краткорочно и долгорочно.

2.9.3. При краткорочно задолжување, вкупниот долг на општината направен по основ на краткорочно задолжување и краткорочна позајмица од Централниот буџет на Република Македонија во текот на фискалната година, не може да надмине 30% од реализираните вкупни приходи на тековно - оперативниот буџет на општината во претходната фискална година.

2.9.4. Советот на општината го одобрува долгорочното задолжување, по претходно одржана јавна расправа во општината. Предмет на јавната расправа е опис на проектот и условите за негово финансирање.

2.9.5. При долгорочно задолжување, вкупната годишна отплата на долгот (главнина, камата и други трошоци) направен врз основа на долгорочно задолжување и долгорочна позајмица од Централниот буџет на Република Македонија не може да надмине 30% од вкупните приходи на тековно - оперативниот буџет на општината во претходната фискална година.

## 3. БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 3.1. Даночни приходи

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи, за средствата кои се планирани со Буџетот на Општина Гази Баба, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, и тоа по следните основи:

- персонален данок од доход кој опфаќа даноци од плати од лица вработени кај буџетски корисници, и единките корисници, ЕЛС и градот Скопје и фондовите основани со закон, трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица, данок на плати остварени во

странство, данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност и данок на доход на приходи од занаетчиска дејност според паушално оданочување и камата за ненавремено плаќање на персонален данок од доход од занаетчиска дејност;

- даноци на имот кои опфаќаат: данок на имот од физички и правни лица, данок на имот по повисока стапка, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности, данок на промет на недвижности по повисока стапка, камата за ненавремено плаќање на данок на имот;
- даноци на специфични услуги кои опфаќаат комунални такси за: истакнување на фирма односно назив на деловна просторија, комунална такса за користење на улици со патнички, товарни, моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли што се плаќа при регистрација на возилата, комунална такса за одржување на јавно осветлување, други комунални такси, комунална такса за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност, комунални такси за користење на плоштад и друг простор во градовите и други населени места со цел изложување на предметите, приредување на изложби и забавни приредби за вршење на дејност, надоместок за уредување на градежно земјиште;
- такси за користење или дозволи за вршење дејност кои опфаќаат: дозволи за вршење на дејност;

во 000 денари

| Опис | Буџет 2019 | 2019 | 2018 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 17.360 | 18.646 | 16.721 | -1.286 |
| Даноци на имот | 85.200 | 84.228 | 101.865 | 972 |
| Даноци на специфични услуги | 106.820 | 278.046 | 110.230 | -171.226 |
| Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 300 | 114 | 146 | 186 |
| **Вкупно** | **209.680** | **381.034** | **228.962** | **-171.354** |

## 3.2. Неданочни приходи

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи, за средствата кои се планирани со Буџетот на Општина Гази Баба, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следните основи:

- глоби, судски и административни такси што опфаќа: наплата на административни такси кои се наплаќаат за списи и дејствија кај органите на општината;
- такси и надоместоци кои ги опфаќаат приходите од закупнина на општински имот;
- други владини услуги кои ги опфаќаат приходите од тендери (јавни давачки);

- други неданочни приходи кои опфаќаат: приходи на месните заедници, местен самопридонес и други приходи од месните заедници и останати неданочни приходи

во 000 денари

| Опис | Буџет 2019 | 2019 | 2018 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Глоби, судски и административни такси | 2.100 | 2.241 | 5.391 | -141 |
| Такси и надоместоци | 19 | 0 | 0 | 19 |
| Други Владини услуги | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Други неданочни приходи | 3.500 | 2.734 | 6.556 | 766 |
| **Вкупно** | **5.619** | **4.975** | **11.947** | **644** |

### 3.3. Капитални приходи

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи за средствата кои се планирани со Буџетот на Општина Гази Баба, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следниов основ:

- приходи од продажба на неизградено градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, приходи од закуп на земјоделско земјиште сопственост на државата, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на простор), надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини (по основ на експлоатирана минерална суровина), надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, надомест за издавање на согласност и одобрение за потврдување на бесправни објекти или оранжерии изградени на земјоделско земјиште.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2019 | 2019 | 2018 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 49.450 | 29.371 | 28.409 | 20.079 |
| **Вкупно** | **49.450** | **29.371** | **28.409** | **20.079** |

### 3.4. Трансфери и донации

Оваа позиција е проценета во висина на наплатените износи, за средствата кои се планирани со Буџетот на Општина Гази Баба, согласно одредбите од Законот за

финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следните основи: трансфери од Буџетот на фондовите, пренесен вишок на приходи од претходната година, дотации на општина од приходи од ДДВ и капитални трансфери од други нивоа на власт. Со Буџетот за 2019 година биле планирани приходи во износ од 215.409 илјади денари, а остварени се 127.490 илјади денари, во 2018 година остварени 63.534 илјади денари.

## 3.5. Тековни расходи

### 3.5.1. Плати, наемнини и надоместоци

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), од средствата кои се обезбедени од сметката на основниот буџет (630) на Општината Гази Баба, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2019 | 2019 | 2018 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Основни плати | 35.750 | 33.565 | 34.916 | 2.185 |
| Придонеси за социјално осигурување | 13.510 | 12.479 | 12.704 | 1.031 |
| Надоместоци | 7.830 | 7.379 | 5.379 | 451 |
| **Вкупно:** | **57.090** | **53.423** | **52.999** | **3.667** |

### 3.5.2. Резерви и недефинирани расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Гази Баба, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа во износ од 840 илјади денари (во 2018 година 653 илјади денари). Во Буџетот за 2019 година планирани се средства во износ од 1.200 илјади денари и се наменети за исплата за постојана резерва (непредвидливи расходи) и за исплата за тековни резерви (разновидни расходи).

### 3.5.3. Стоки и други услуги

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Гази Баба, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по следните основи:

во 000 денари

| Опис | Буџет 2019 | 2019 | 2018 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Патни и дневни расходи | 1.099 | 333 | 78 | 766 |
| Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 41.264 | 39.020 | 32.842 | 2.244 |
| Материјали и ситен инвентар | 3.917 | 2.108 | 2.282 | 1.809 |
| Поправка и тековно одржување | 43.574 | 31.625 | 25.442 | 11.949 |
| Договорни услуги | 19.172 | 16.464 | 8.639 | 2.708 |
| Други тековни расходи | 11.725 | 8.829 | 5.864 | 2.896 |
| Привремени вработувања | 15.000 | 13.240 | 12.463 | 1.760 |
| **Вкупно:** | **135.751** | **111.619** | **87.610** | **24.132** |

### 3.5.4. Каматни плаќања кон домашни кредитори

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Гази Баба во 2019 година износ 31 илјади денари (во 2018 година 13 илјади денари), согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа по основ на плаќање на камати. Во Буџетот за 2019 година планирани се средства во износ од 169 илјади денари и се наменети за исплата на камата на кредит и камата на домашни обврзници.

### 3.5.5. Субвенции и трансфери

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Гази Баба, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа:

- субвенции за јавни претпријатија
- трансфери до невладини организации кои опфаќаат: трансфери до спортски клубови, трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до политички партии;
- други разни трансфери кои опфаќаат; плаќање по судски решенија, трансфер за пензионери вработени во општинската администрација и вработени во институции под надлежност на општината и други трансфери.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2019 | 2019 | 2018 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Субвенции за јавни претпријатија | 21.700 | 14.493 | 9.172 | 7.207 |
| Трансфери до невладини организации | 7.750 | 6.418 | 7.839 | 1.332 |
| Разни трансфери | 8.970 | 6.741 | 4.325 | 2.229 |
| **Вкупно:** | **38.420** | **27.652** | **21.336** | **10.768** |

### 3.5.6. Социјални бенефиции

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Гази Баба во 2019 година износ 1.180 илјади денари (во 2018 година 1.270 илјади денари), согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и ги опфаќа: социјална помош за семејства. Во Буџетот за 2019 година планирани се средства во износ од 1200 илјади денари и се наменети за исплата на еднократна парична помош и помош во натура.

## 3.6. Капитални расходи

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Гази Баба, согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и ги опфаќа: резерви за капитални расходи, градежни објекти, други градежни објекти, купување на мебел, вложувања и нефинансиски средства и капитални субвенции за претпријатија и невладини организации. Во Буџетот за 2019 година планирани се средства во износ од 232.328 илјади денари наменети за: резерви за капитални расходи, купување на канцелариска опрема, купување на информатичка опрема, купување на опрема за греење и климатизација, купување на друга опрема, подготвување проекти вклучувајќи дизајн на улици, патишта и автопати, изградба на улици, патишта и автопати, реконструкција на улици, патшта и автопати, подготвување проекти, вклучувајќи дизајн на пречистителни станици и колектори, изградба на пречистителни станици и колектори, реконструкција на пречистителни станици и колектори, изградба на депонии за отпад, подготвување на проекти вклучувајќи дизајн на капацитети за водоснабдување, реконструкција на капацитети за водоснабдување, изградба на капацитети за водоснабдување, подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти, изградба на други објекти, реконструкција на други објекти, купување на канцелариски мебел, компјутерски софтвер, земјиште, надомест за одземен имот и капитални субвенции за други јавни нефинансиски претпријатија.

во 000 денари

| Опис | Буџет 2019 | 2019 | 2018 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(2-3) |
| Резерви за капитални расходи | 2.700 | 1.290 | 1.243 | 1.410 |
| Други градежни објекти | 221.278 | 181.931 | 119.513 | 39.347 |
| Купување на мебел | 400 | 20 | 327 | 380 |
| Вложувања и нефинансиски средства | 2.450 | 878 | 3.407 | 1.572 |
| Купување на возила | 0 | 0 | 408 | 0 |
| Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 5.500 | 0 | 9.997 | 5.500 |
| **Вкупно:** | **232.328** | **184.119** | **134.895** | **48.209** |

### 3.7. Отплата на главнина

Оваа позиција е проценета во висина на исплатените износи на сметката на основниот буџет (637), за средствата кои се обезбедени со основниот буџет (630) на Општина Гази Баба, во 2019 година износ 13.756 илјади денари (во 2018 година 13.756 илјади денари), согласно одредбите од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и се однесува за отплата на главнината на долгорочни позајмувања од банки. Во Буџетот за 2019 година планирани се средства во износ од 14.000 илјади денари.

## 4. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### Актива

### 4.1. Тековни средства

#### 4.1.1. Парични средства

Оваа позиција е проценета според номинален износ и ги опфаќа паричните средства на Сметката. Нивната состојба на 31 декември 2019 година изнесува 150.620 илјади денари (во 2018 година – 20.686 илјади денари).

#### 4.1.2. Побарувања

Оваа позиција е проценета во износ од 281.768 илјади денари (во 2018 година – 276.311 илјади денари), и е усогласена со дел од проценетото салдо на позицијата Други ПВР како нивна кореспондентна сметка, и е по основ на ненаплатени побарувања за: данок на имот, комунална такса за истакнување на фирма,

надоместок за уредување градежно земјиште, надоместок за бесправно изградени објекти-легализација, изречени прекршочни казни – глоби.

### 4.1.3. Активни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 700 илјади денари (во 2018 година 700 илјади денари).

**Пасива**

## 4.2. Тековни обврски

### 4.2.1. Краткорочни обврски спрема субјекти

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 700 илјади денари (во 2018 година 700 илјади денари) по основ на други краткорочни обврски

### 4.2.2. Пасивни временски разграничувања

Оваа позиција е проценета во вкупен износ од 432.017 илјади денари (во 2018 година 296.626 илјади денари) по основ на:

- дел од вишокот на приходи пренесен во наредната година - 150.249 илјади денари (2018 година – 20.315 илјади денари) и
- други пасивни временски разграничувања – 281.768 илјади денари (во 2018 година – 276.311 илјади денари), како кореcподентна ставка на промените од позицијата Побарувања.

## 4.3. Извори на средства на резервите

Оваа позиција во Билансот на состојба на крајот на 2019 година е искажана во износ од 371 илјада денари ( 2018-371 илјада денари) по основ на издвоени средства кои повеќе години се искажуваат како буџетска резерва.
Средствата не се издвоени на посебна сметка, туку во рамките на сметката на Буџетот на Општината, односно збирот на средствата на ова конто и пренесениот вишок на приходи е еднаков со паричните средства.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-017/2017
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

До

Државен завод за ревизија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETEROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено / Pranuar më | 28.06.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Nj. org. | Број / Nr. | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera |
| | 13-656/5 | | |

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08-2331/7
25.06 2021 год.
СКОПЈЕ

Почитувани,

Во врска со препораките од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија за усогласеност за 2019 година на Општина Гази Баба – сметка на основен буџет( 630) од овластен државен ревизор, Ви го доставувам Извештајот по однос на точка 4.24, 4.25 и 4.6 за преиспитување на предмети во врска со Законот за бесправно изградени објекти а изготвен од Комисијата , формирана со Решение бр.08-2331/2 .

Прилог :

Решение за формирање на Комисија бр.08-2331/2
Нацрт Извештај по однос на точка 4.24, 4.2.5 и 4.2.6

Со почит,

Општина Гази Баба
Градоначалник

Борис Георгиевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-017/2017
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 65 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

До

Државен завод за ревизија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08 - 2331/6
25.06.2021 год.
СКОПЈЕ

Предмет: ИЗВЕШТАЈ по однос на точка 4.24, 4.2.5 и 4.2.6 од Нацрт извештај од овластениот државен ревизор

Врска: 01 2020 07 02/1

Почитувани,

Согласно чл.50 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002), а во врска со препораките од Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија за усогласеност за 2019 година на Општина Гази Баба – сметка на основен буџет( 630) од овластен државен ревизор , Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Решение бр.08-2331/2 за формирање на Комисија за преиспитување на предмети во врска со Законот за постапување со бесправно изградени објекти сосгласно точка 4.2.4, 4.2.5 и 4.2.6 од Нацрт извештајот за извршена ревизија во состав:

- Анита Илиевска – Претседател
- Благица Блажевска- член
- Милка Петковска – член
- Ѓорѓе Поп Кочев-надворешен член претставник на Градоначалникот

Комисијата на ден 22.02. 2021 во 9.00 часот ја одржа седницата на која беа присутни Претседателот и сите членови . Од архивата на Општината беа прибавени предметите УП1бр.28-2204, УП1 бр.28-1471,УП1 -28-6829, УП1-28-6620 и УП1-6621. Останатите предмети ќе бидат обезбедени во наредните денови и Комисијата дополнително ќе се произнесе за истите.

Во однос на забелешките од Нацрт извештајот точка 4.2.4 и 4.2.5 , дека не е постапено согласно чл. 9,став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти , односно измените во намените на површините во етажните скици и во рекапитуларот имаат влијание врз утврдувањето на на висината на надоместокот за утврдување на статусот на бесправно изградениот објект, како и приходите кои општината ги остварува по овој основ, ве известуваме за следното:

Од увидот во предметите УП1бр.28-2204, УП1 бр.28-1471,УП1 -28-6829, Комисијата констатира дека Решенијата за утрврдување на правен статус на бесправен објект и урбанистичките согласности се донесени врз основа на изготвените геодетски елаборати, а за нивната веродостојност Комисијата дополнително ќе изврши увид на самото место, по што ќе даде препораки до службите на општинската администрација за понатамошно постапување.

Во однос на забелешките од Нацрт извештајот точка 4.2.6 дека се донесени Решенија за одбивање на барарање, без притоа дас е излезе на лице местои да се направи Записник за увид во фактичката состојба, од увидот во предметите УП1-28-6620

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification
ISO 9001: 2015 CERTIFIED
D-017/2017
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

и УП1-6621 , Комисијата констатира дека истите се одбиени бидејќи се работи за објекти од времен карактер, кои не се предмет на легализација .

Со почит,

Претседател на Комисијата

Анита Илиевска

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08-2331/2
14.06.2021 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), а во врска со Нацрт извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија за усогласеност за 2019 година на Општина Гази Баба – сметка на основен буџет (630) заведен под број 01 2020 07 02/1, Градоначалникот на Општина Гази Баба го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

**За формирање на Комисија за преиспитување на предмети во врска Законот за постапување со бесправно изградени објекти согласно точка 4.2.4, 4.2.5 и 4.2.6 од Нацрт извештајот за извршена ревизија**

**Член 1**

Се формира комисија за преиспитување на предмети во кои Општина Гази Баба постапувала по поднесени барања согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти во состав:

- Анита Илиевска - Претседател
- Благица Блажевска - член
- Милка Петковска - член
- Ѓорге Поп-Кочев - надворешен член претставник на Градоначалникот

**Член 2**

Се задолжува Комисијата да изврши увид во предметите:

- УП1 бр.28-2204
- УП1бр.28-6829
- УП1бр.28-3457
- УП1бр.28-7876
- УП1 бр.28-7880
- УП1 бр.28-1471
- УП1 бр.28-6620
- УП1 бр.28-6621

По извршениот увид, Комисијата се задолжува да изготви извештај и да даде препораки за натамошно постапување.

**Член 3**

Решението стапува на сила со денот на одлучувањето.

Скопје, 14.06.2021 година

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ГРАДОНАЧАЛНИК

Борис Георгиевски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Наш број:
Датум: 15.06.2021 год.

Ваш број: 08-2331/3
Датум: 14.06.2021 год

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 08-2331/4
15-06 2021 год.
СКОПЈЕ

До
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ГРАДОНАЧАЛНИК

ПРЕДМЕТ: Одговор на барање на информација

Почитувани,

До Секторот за финансиски прашања доставен е допис ,,Барање на информација број 08-2331/3 ,, од 14.06.2021 год. во кој се бара од Секторот за финансиски прашања да изготви и достави до градоначалникот во рок од осум дена Извештај поврзан со констатираната состојба по утврдениот наод во точка 4.3.1 од ,,Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Општина Гази Баба-сметка основен буџет (630) заведен под број 01 2020 07 02/1,, .

Од страна на Секторот за финансиски прашања извршен е увид во деловодната книга на примената документација во архивата на Општина Гази Баба при што е утврдено дека наведениот ,,Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Општина Гази Баба-сметка основен буџет (630) заведен под број 01 2020 07 02/1,, е примен во архивата на ден 16.05.2021 година и истиот ден е доставен само до градоначалникот.

Со оглед на фактот да наведениот ,,Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 година на Општина Гази Баба-сметка основен буџет (630) заведен под број 01 2020 07 02/1,, до денешен ден не е доставен до Секторот за финансиски прашања и секторот нема увид во утврдените наоди на ревизорите од Државниот завод за ревизија содржани во точка 4.3.1 од истиот не сме во можност да го изготвиме и доставиме бараниот извештај.

Со почит,

Сектор за финансиски прашања

Раководител
Марика Зафировска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-017/2017
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Наш број: 08-2331/5
Датум: 21.06.2021 год.

Ваш број: 08-2331/5
Датум: 14.06.2021 год.

До
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
ГРАДОНАЧАЛНИК
-ТУКА-

ПРЕДМЕТ: Извештај по барање за информација

Почитувани,

Во врска со Вашиот писмен допис ,,Барање за информација,, заведен под архивски број 08-2331/3 од 14.06.2021 година, примен на 15.06.2021 година и по испратениот дел од Нацрт извештајот на овлатениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2019 годинана Општина Гази Баба –сметка основен буџет (630) заведен под број 01 2020 07 02/1 односно на страните 15 и 16 скенирани и испратени по meil на 16.06.2021 год. како одговор на испратениот допис од страна на Секторот за финансиски прашања број 08-2331/4 ве известуваме за следното:

1. Во Нацрт извештајот во точката 4.3.1 од страна на овластениот државен ревизор во делот на извршениот увид во евиденцијата на побарувања од правни лица и граѓани по основ на надоместоци е констатирано дека општината има побарувања кои потекнуваат од претходни години, а не се превземени навремени активности и мерки за нивна наплата и истите согласно член 360 од Законот за облигациони односи според кој општиот рок на застареност е 5 години не се евидентирани на сомнителни и спорни побарувања.
   Исто така е констатирано дека за побарувањата по основ на надоместок за во туку истите се поделени до 5 и над 5 години и дека за дел од овие побарувања кои се стари над 5 години, а за кои се водат судски постапки за наплата на побарувањата на ревизијата не и беа презентирани тужби и друга поткрепувачка документација.

   Во однос на констатација во нацрт извештајот дека не се превземени ,,навремени активности и мерки за наплата на побарувањата од претходните години ,, Ве известуваме за следното:
   На овластените државни ревизори во текот на постапката на вршењето на ревизијата им беше доставена целокупната документација која е евидентирана во деловните книги во сметководството на општината а која се однесува на превземените мерки за наплата на ненаплатеното побарување по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште од правното лице ,,ФИНЕ ДОО,, од

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Скопје од 2011 година во вкупен износ од 99.970.572,00 денари со покренување на постапка за извршување преку Извршителот Христо Јованов и тоа:

- Фактура број 83/13 од 25.06.2013 година од Извршителот Христо Јованов

- Заклучок број И.бр.2126/12 и И.бр.2131/12 од 01.11.2013 година

- Барање на информации од Извршителот Христо Јованов по предметот за извршување И.бр.2126/12 и И.бр.2131/12 број 08-152/1 од 12.01.2018 година

Од погоре наведената фактура број 83/13 од 25.06.2013 година од Извршителот Христо Јованов која е презентирана на овластените ревизори и која е евидентирана во деловните книги како расход за плаќање на надоместокот за спроведено извршување , како и од документацијата која е доставена во прилог на фактурата (Заклучок број И.бр.2126/12 и И.бр.2131/12 од 01.11.2013 година) може да се види дека Општина Гази Баба покренала постапка за извршување, односно покрената е постапка на активирање на хипотеката на недвижниот имот на фирмата ФИНЕ ДОО од Скоје преку нотарот Анастасија Петреска и извршителот Христо Јованов за присилна наплата на неплатениот надоместок за уредување на граджно земјиште во износ од 99.970.572,00 денари.

Исто така од Заклучок број И.бр.2126/12 и И.бр.2131/12 од 01.11.2013 година кој во фотокопија е доставен во прилог на наведената фактура од страна на Извршителот Христо Јованов, а кој исто така е презентиран на овластените ревизори може да се види дека, од спроведеното извршување за Општина Гази Баба од страна на Извршителот Христо Јованов била извршена наплата на дел од побарувањето во вид на купување од страна на општината на две парцели градежно неизрадено земјиште во н. Керамидница од недвижниот имот кој бил ставен под хипотека за обезбедување на плаќањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште за Општината Гази Баба во вкупен износ од 55.695.845,00 денари од кои на име главен долг во износ од 29.518.960,00 денари и на име камата 26.176.885,00 денари.

Со оглед на тоа да постапката на извршувањето не беше завршена, односно Извршителот Христо Јованов беше задолжен со барањето за извршување да ја доврши постапката за активирање на хипотеката над преостанатиот градежен објект во Струга во сопственост на фирмата ФИНЕ ДОО од Скопје и да го наплати преостанатото ненаплатено побарување во износ од 70.451.612,00 денари, до наведениот Извршител Христо Јованов од страна на Општина Гази Баба беше испратен допис со Барање на информации по предметот за извршување И.бр.2126/12 и И.бр.2131/12 број 08-152/1 од 12.01.2018 година, кое барање исто така и е презентирано на ревизијата и на кое до денешен ден од страна на Извршителот Христо Јованов не е одговорено.

Износот на наплатениот дел од главниот долг од од 29.518.960,00 денари со извршувањето со недвижен имот не можеше да биде евидентиран во

ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

книговодствената евиденција на општината од страна на Секторот за финансиски прашања како наплата на дел од побарувањето по овој основ, бидејќи од страна на Извршителот до општината не беа доставени имотни листови за купениот имот, односно не беа доставени имотни листови за купените две парцели во сопственост на општината и не беше доставен Извештај од извршителот за извршеното целосно активирање на хипотеката и за градежниот објект во Струга.

Наведеното е согласно Законот за книговодство на буџетските корисници и единки буџетски корисници и Правилникот, во кои е пропишано дека евидентирањето во книговодствената евиденција треба да се врши врз основа на веродостојна книговодствена документација. Ова значи дека без добивањето на имотни листови за наведеното градежното земјиште кое треба да биде во сопственост на Општина Гази Баба како веродостоен книговодствен документ за евидентирање на извршената наплата на побарувањето со кои заврши еден дел од правната постапка на извршување над дел од недвижниот имот (градежно земјиште во н.Керамидница) на правното лице ,,ФИНЕ ДОО,, од Скопје кој беше ставен под хипотека како обезбедување на наплата на побарувањето за надоместокот за уредување на градежно земјиште Секторот за финансиски прашања не беше во можност законски наплатата на дел побарувањето по овој основ да го спроведе евидентирањето во книговидствената евиденција.

Во однос на евидентирањето на ненаплатеното побарување од правното лице ТЕХНОЛИОН од Скопје во вкупен износ од 8.703.559,00 ден. кое во деловните книги се пренесува како салдо од 2002 година, односно уште пред донесување на новите прописи на Законот за локална самоуправа и Законот за финансирање на ЕЛС, на овластените ревизори им е доставен дописот број 28-3/71 од 12.01.2018 година кој од страна на Секторот за финансиски прашања го имаше доставено до Секторот за урбанизам и градежно земјиште за да се пронајде документацијата која претставува основ на ова побарување (договор, одобрение за градење и сл.) со цел да и се помогне на Пописната комисија при пописот и при изготвувањето на Извештајот за попис за 2017 година. На овој допис до денешен ден од страна на Секторот за урбанизам и градежно земјиште не е добиен одговор и не ни е доставена бараната документација.
Секторот за финансиски прашања и овие побарувања не може да ги евидентира како спорни и сомнителни е не може да ги отпише без соодветен веродостоен книговодствен документ, односно без тоа да биде наложено од страна на Пописната комисија во Извештајот од извршениот попис.

2. Во однос на констатацијата дека за побарувањата по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште од правни лица не е изготвена старосна структура во Извештајот за извршениот попис за 2019 година ,туку истите се поделени до 5 и над 5 години ве известувам дека ваквата старосна класификација од страна на Пописната комисија на општината е направена согласно Упатството за Трезорско работење и пропишаните обрасци (Образец К2) за изготвување на квартални и

годишниот извештај за реализирање на Буџетот на општината . Истото им е образложено и на овластените ревизори.

3. Во однос на констатацијата на овластените ревизори дека не им се доставени докази дека се превземени мерки за наплата на побарувањата по основ на потрошена електрична енегија, вода и изнесување смет од правни лица кои користат простор во Домот на културата во Идризово во вкупен износ од 3.199.000,00 денари, Ве известувам дека наведената констатација е целосно погрешна. Имено целосно погрешно се земени вкупните износи од Табелата на страна 7 од Извештајот за извршениот попис за 2019 година кои се однесуваат на следното:

   Во наведената табела се прикажани од страна на пописната комисија вкупните ненаплатените побарувања за префактурираните тековни трошоци за потрошена електрична енегија, вода и изнесување смет на подрачните единици на Министерствата и на другите државните институции на централно ниво кои изнесуваат вкупно 3.032.000,00 денари кои ги плаќаат согласно нивните приливи од централниот буџет.
   Исто така се содржани и ненаплатените побарувања во износ од 166.758,00 денари од правни лица кои искажуваат интерес да финансираат дел од трошоците за објава на деталните урбанистички планови за подрачјето на кое се наоѓаат и бараат да им се изврши префактурирање. Плаќањето на овие фактури за објава вообичаено се врши по донесувањето на соодветните деталните урбанистички планови која постапка обичаено трае повеќе од една година.
   Ако се погледне добро табелата може да се види дека погрешно наведените ненаплатени побарување по основ на потрошена електрична енегија, вода и изнесување смет се само од едно правно лице НИКА ФАРМ во износ од 16,00 ден. кое користи простор во Домот на културата во Идризово, додека другото правно лице кое исто така користи простор во Домот на културата во Идризово е во претплата во износ од 3.011 денари.
   На оваа табела во графата над 5 години се ненаплатени побарувања во износ од 99.541,00 денари кои за да се можат да се отпишат од евиденцијата од страна на Секторот за финансиски прашања треба тоа да биде наложено од страна на пописната комисија во Извештајот за попис.

Со почит,

Сектор за финансиски прашања
Раководител
Марика Зафировска

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 28.06.2021 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на регуларност на Општина Гази Баба на сметката основен буџет (630), бр. 13-656/1 од 20.05.2021 година, од одговорното лице, градоначалникот на Општина Гази Баба, заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-656/4 од 28.06.2021 година.
Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на препораката од точка 4.2.4. која се однесува дека во одредени постапки се направени промени на геодетските елаборати за легализација при што истите се доставувани со значителни промени во етажните скици и во рекапитуларот со што се сменети и намените на објектите предмет на легализација, **претставува известување,** за мерките кои се преземени и кои ќе бидат преземени. Со Решение број 08-2331/2 од 14.06.2021, Градоначалникот формирал Комисија која има задача да изврши увид во предметите наведени во точката од ревизорскиот извештај и да ја утврди фактичката состојба и да даде насоки за надминување на утврдената состојба. Преземената активност од страна на Градоначалникот се обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

2. Забелешката на препораката од точка 4.2.5. која се однесува дека утврдивме постоење на предмети кај кои се направени измени на намените на објектите со потпис и печат на овластен претставник од Геодетската фирма – изготвувач на елаборатот, без да се запише датумот на промената и без претходно да биде поднесено барање за повлекување на Геодетскиот елаборат за промена на намената, **претставува известување,** за мерккиte кои се преземени и кои ќе бидат преземени. Со Решение број 08-2331/2 од 14.06.2021, Градоначалникот формирал Комисија која има задача да изврши увид во предметите наведени во точката од ревизорскиот извештај и да ја утврди фактичката состојба и да даде насоки за надминување на утврдената состојба. Преземената активност од страна на Градоначалникот се обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

3. Забелешката на препораката од точка 4.2.6. која се однесува дека во постапка напостапување на барања за легализирање на бесправно изградени објекти не се почитувани пропишаните законски активности и во утврдените рокови, **претставува известување,** за меркките кои се преземени и кои ќе бидат преземени. Со Решение број 08-2331/2 од 14.06.2021, Градоначалникот формирал Комисија која има задача да изврши увид во предметите наведени во точката од ревизорскиот извештај и да ја утврди фактичката состојба и да даде насоки

за надминување на утврдената состојба. Преземената активност од страна на Градоначалникот се обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.1** која се однесува на побарувањата, **делумно се прифаќа,** поради настаната техничка грешка. Во алинеја два делот кој гласи „ *Побарувањата по основ на потрошена електрична енергија, вода и изнесување на смет од правни лица кои користат простор во Домот на културата во Идризово во износ од 3.199 илјади денари...,* се менува и во Конечниот извештај гласи „*Побарувањата во износ од 3.199 илјади денари во износ од 3.032 се однесуваат за префактурирана вода, електрична енергија и изнесување на смет за подрачните единици на министерствата и на други централни органи, а побарувањата од 167 илјади денари се од правни лица кои искажале интерес да финансираат дел од трошоците за објава на детални урбанистички планови......* За овој дел е направена корекција и дополнување во Конечниот извештај.